**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-51/8**

**Скопје, 19.05.2008 година**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА - СМЕТКА ЗА ПРИХОДИ НАПЛАТЕНИ ОД ОРГАНИ – ЗАШТИТА НА ДЕЦА БР.1103-248/8 ОД 2006 ГОДИНА

## 1. Резиме

### 1.1. Основ за вршење на ревизијата на спроведување на препораките

Во 2006 година беше извршена ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика (во понатамошниот текст МТСП) - Сметка за приходи наплатени од органи-заштита на деца, за 2005 година.

Цел на ревизијата на финансиските извештаи беше изразување мислење за тоа:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива; и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

### 1.2. Резиме на резултатите од ревизијата на спроведување на препораките

Во овој извештај на Овластениот државен ревизор (во понатамошниот текст ОДР) се презентирани резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи - заштита на деца. Во извештајот беа опфатени функционалните области на финансиско известување, оценка на системот на сметководствени и финансиски контроли, користените сметководствени принципи и почитување на законските прописи.

Во Конечниот извештај на ОДР Бр.1103-248/8 од 2006 година беше дадена една препорака. Препораката се однесува на преземање мерки од страна на одговорните лица во министерството, средствата од издавање под закуп на детска градинка да се уплаќаат на соодветна сметка на Буџетот на РМ, од каде што министерството ќе ги обезбеди потребните средства за изградба на детската градинка.

Ревизијата утврди дека Министерството за труд и социјална политика нема превземено активности за спроведување на препораката на ОДР, при што е утврден следниот статус:

- Министерство не ја прифатило дадената препорака на ОДР и средствата од закуп за издадена детска градинка на Американската амбасада во Република Македонија се уплаќаат на приходна сметка на МТСП наместо во Буџетот на РМ. МТСП ги користи наплатените средства наменски за изградба или реновирање на детски градинки согласно Законот за установите, што беше потврдено од страна на ревизијата со увид во трошковните ставки на оваа сметка.

### 1.3. Препораки

Ревизијата препорачува МТСП во иднина да се придржува на законски определените одредби за наменско користење на објектите во дејноста - детска заштита, без оглед што приходот кој го остварува од закуп на објектот е реинвестиран во изградба и реновирање на детски градинки.

## 2. Вовед

### 2.1. Предмет на ревизијата

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1103-248/8 од 23.06.2006 на Министерството за труд и социјална политика – Сметка за приходи наплатени од органи - Заштита на деца.

### 2.2. Законски основ

Ревизијата од точка 2.1. на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 23 став 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

### 2.3. Континуитет

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за спроведување на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Министерството за труд и социјална политика - Сметка за приходи наплатени од органи – заштита на деца, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

### 2.4. Одговорност на раководството на субјектот и на ревизорите на ДЗР

Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Стевчо Јакимовски, министер од 25.12.2004 до 25.08.2006 година и
- Љупчо Мешков, министер од 26.08.2006 година

Одговорност и задача на ревизорите е да извршат ревизија/проверка на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесат заклучоци врз база на прибраните докази.

## 3. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1103-248/8 од 2006 година се спроведени, како и оцена на соодветноста и влијанието на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 4. Опфат и методологија, период на вршење на ревизијата и извршители

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачка документација, спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и закони и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели, интервјуиравме одговорни лица на субјектот, извршивме процена на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор Бр.1103-248/8 2006 година се спроведени и соодветноста на преземените мерки.

Ревизијата од точка 2.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.01.2008 до 08.02.2008 во просториите на Министерството за труд и социјална политика од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 5. Резултати од ревизијата на спроведување на препораките

**5.1.** Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, кој се одржа на ден 14.03.2008година.

### 5.2. Системски и организациони слабости

#### 5.2.1. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2006 година, точка 10.1.1.

Министерството за труд и социјална политика во 2005 година има остварено приход на сметката за приходи наплатени од органи по основ на закуп од издаден градежен објект - детска градинка во вкупен износ од 7.198 илјади. Истите се реинвестирани во започнување активност за изградба на нова градинка во Ѓорче Петров, за што се потрошени средства во вкупен износ од 7.234 илјади денари како надомест за уредување на градежно земјиште и други подготвителни работи. Согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, овие средства не се приход на Министерството, туку истите требало да бидат уплатени во Буџетот на Република Македонија на сметката 840 - 6478 - приходи од

продажба и закуп на ствари во државна сопственост, кои престанале да ги користат органите на државна власт.

За изградба на детската градинка со Одлука за јавна набавка од 2005 година Министерот за труд и социјална политика планирал да се обезбедат средства од оваа сметка во 2006 година во вкупен износ од 10.000 илјади денари, со цел завршување на планираната инвестиција. Имајки ја предвид севкупната состојба ревизијата смета дека иако преземените активности се во рамките на дејноста на министерството, истите се спротивни на наведениот Закон донесен во месец февруари 2005 година, бидејки се искористени и планирани средства за наредниот период, кои не му припаѓаат на министерството.

**Препорака бр.1**
Министерот да превземе мерки и активности средствата за планираната инвестиција да ги обезбеди од редовната сметка на буџетот на министерството или од други извори со ребалансирање на позицијата – Капитални расходи, а приходите од закуп да ги пренасочи на соодветната уплатна сметка на Буџетот на РМ.

**Коментар на субјектот**
Министерството за труд и социјална политика, прибраните средства од издадената детската градинка на Американската амбасада во РМ ги уплаќа на сметка за приходи наплатени од органи согласно Законот за јавни установи, и истите средства се користат за изградба или реновирање на јавни установи за деца - детски градинки. Неспроведувањето на препораката министерството го објаснува со индиректно користење на средствата во дејноста детска заштита.

**Тековен статус на препораката бр.1**
МТСП во периодот од 2005 до 2007 година остварува приходи од издавање на детската градинка, и истото не постапило по препораката дадена во конечниот извештај на ОДР. МТСП средства за изградба или реновирање на постојаните детски градинки не ги обезбедува од редовната сметка на буџетот на министерството, туку за исти намени ги користи средствата добиени од закуп на детската градинка уплатени на ова сметка, што беше потврдено со увид во трошковните ставки кои и беа презентирани на ревизијата, а во согласност со Законот за јавни установи.

## 6. Ефекти

Ревизијата на спроведување на препораките утврди дека иако МТСП не постапило по препораката на ОДР средствата од закуп на градежен објект – детска градинка да се уплатуват во Буџетот на РМ, со реинвестирање на истите во изградба на нова детска градинка и реновирање на други објекти од дејноста детската заштита е постигнат ефектот со што се постигнати очекуваните резултати на Министерството за труд и социјална политика.

## 6. Заклучоци

Државниот завод за ревизија утврди дека средствата уплатени на Сметка за приходи наплатени од органи - заштита на деца од издадената детска градинка под закуп, се приход на надлежното министерство и се користат во дејноста што ја извршува за изградба и реновирање на постојните јавни установи за деца - детски градинки.

**Скопје, 15.05.2008 год.** **Овластен државен ревизор**

**Прилог I**

## Статус

## на спроведување на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи на овластениот државен ревизор

**Ревизорски извештај бр.** **1103-248/8 од 23.06.2006 година**

**Субјект:** **Министертво за труд и социјална политика**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10.1.1. | Министерот да превземе мерки и активности средствата за планираната инвестиција да ги обезбеди од редовната сметка на буџетот на министерството или од други извори со ребалансирање на позицијата – Капитални расходи, а приходите од закуп да ги пренасочи на соодветната уплатна сметка на Буџетот на РМ. | Средствата од издадена детска градинка на се уплаќаат на оваа сметка . МТСП ги користи уплатените средства за изградба или реновирање на детски градинки согласно Законот за јавни установи, што беше потврдено со увидот од страна на ревизијата. | Државниот завод за ревизија утврди дека средствата уплатени на сметка за приходи наплатени од органи-заштита на деца од издадената детска градинка, се приход на надлежното министерство и се користат за изградба и реновирање на постојните јавни установи за деца - детски градинки. |